

КОНЕКТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024



# СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3
КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА ..... 5
ИЗВЕШТАЈ ПО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ ..... 8
ФИЛАНТРОПИЈА ..... 8
УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОРПОРАТИВНАТА ФИЛАНТРОПИЈА И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ..... 22
ЗАСТАПУВАЊЕ ..... 26
ПОДДРШКА НА ГО ..... 29
КОНЕКТ ВО МЕДИУМИТЕ ..... 35
ФИНАНСИИТЕ ВО КОНЕКТ ..... 36
БЛАГОДАРИМЕ ДОНАТОРИ ..... 39
ЗА КОНЕКТ ..... 40


## СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2025 г.

# ВОВЕД

Филантропијата е секаде околу нас. Може да ја најдете онаму каде се чини дека нема решение. Таа има моќ да трансформира и да создаде подобар живот. Секој може да биде филантроп/ка, а бизнисите, институциите и граѓанските организации, кога работат заедно, се двигатели на одржливиот развој на нашата земја.

Се менува и светот на бизнисот. Се зголемуваат очекувањата и обврските за компаниите да покажат дека водат одговорен бизнис насочен кон одржлив развој. Тоа отвара можности нашите компании да го покажат своето лидерство и да бидат активен чинител во развојот на нашата земја.

Во текот на 2024 година, Конект продолжи да ја зајакнува својата улога како водечка организација во промовирањето на филантропијата и градењето на одржлив бизнис. Преку нашите иницијативи и проекти, успеавме да ги мобилизираме локалните ресурси и да ги поттикнеме граѓаните, бизнисите и институциите да се вклучат активно во решавањето на предизвиците со кои се соочуваат нивните заедници.

Нашиот развој како држава зависи од тоа колку се моќни заедниците во неа. Годинава ќе ја паметиме по тоа што имавме можност нашето работење да го пренесеме на локално ниво. Во партнерство со локални организации започнавме на градење на локални фондации. Во заедниците каде врските меѓу различните сектори (локалните институции, граѓанските организации, бизнисите и медиумите) ослабнале, тие им нудат можности на граѓаните и компаниите да се ангажираат, да здружат ресурси и секој да придонесе за подобра иднина. На национално ниво ги зајакнавме и зголемивме нашите платформи за паметно донирање и постигнавме да се изработи нацрт-предлог закон за измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Клубот на одговорни бизниси понуди бројни можности за компаниите и отпочна дијалог за улогата на бизнисот во одржливиот развој на највисоко ниво на бизнис лидерство.

Во 2024 година, Конект успеа да создаде многу успешни локални приказни кои покажуваат дека нашите заедници се витални и подготвени да инвестираат во својот напредок. Овие приказни не само што инспирираат други заедници да ги следат нивните чекори, туку и ја потврдуваат важноста на локалната филантропија како клучен фактор за одржлив развој и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**Филантропијата ја донесовме во сечија рака преку www.opop.mk**. Со неколку кликнувања, компаниите и граѓаните можат да станат горди поддржувачи на организации што се темелно

проверени и имаат значајно влијание. Ако сите кампањи таму ги остварат своите цели, ќе се промени животот на над 90.000 наши сограѓани.

**Овој извештај читајте го како наш повик да ни се придружите**. Нудиме можности за сите што сакаат да го движат одржливиот развој. За компаниите тука е Клубот на одговорни бизниси, како и националната кампања „Денови за донирање“ што го поттикнуваат донирањето на граѓаните кои се вклучуваат. Соработуваме со институциите за подобрување на политиките и законите, а на граѓанските организации им овозможуваме поголема стабилност, развој и финансиска одржливост. Медиумите се нашите партнери гласноговорници во ширење на културата за филантропија и општествена одговорност.

**Ви благодариме на сите** што годинава нашата мисија ја преточивте во реалност. Имаме уште многу за заедничко посветено работење.

Со почит,

Никица Кусиникова,
основачка и извршна директорка на Конект



# КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА

**14.282.998,00 мкд**

- Донирани на 48 граѓански организации

**7.432.320,00 мкд**

- Донации во финансиски средства за 2024 година

**5.414.518,00 мкд**

- Донации во добра и услуги за 2024 година

**1.436.160,00 мкд**

- Вредност на волонтерски ангажман за 2024 година

## ФИЛАНТРОПИЈА

Годинава создадовме бројни можности за зголемено донирање низ нашата земја.  Овозможивме да се донира вредност од рекордни **14.282.998,00 денари** во финансиски средства, добра и услуги **во 48 граѓански организации** вредни за поддршка, што претставува четири пати повеќе во споредба со лани. Овозможивме над **500 индивидуални и 126 корпоративни донатори** да ја искусат радоста на донирањето.

- Во нашата **националната кампања за филантропија „Денови за донирање“** вклучивме **над 3.000 граѓанки и граѓани** и овозможивме **над 50 бизниси** да ја искусат убавината на донирањето.
- **Првиот национален донаторски фонд** што го воспоставивме во државата ги доделие првите грантови на **3 организации.**
- Промовиравме донирање време со **362 волонтери/ки** кои ова година **шесткратно повеќе донираа труд и вештини** во проценета вредност од **1.436.160,00** денари;
- На **петтиот донаторски кружок** се донираа **над еден милион денари, нов рекорд, трипати повеќе од првичната цел**, со поддршка на компаниите кои го удвојуваа износот. **17 компании и 111 граѓани** здружено донираа на кружокот за да направат значајни промени во своите заедници. **Донаторски кружоци има и надвор од Скопје**! **Над 197 граѓани и компании** во Гевгелија, Струмица и Гостивар **собраа 767.400 мкд** во донации **и поддржаа 9 локални иницијативи** на граѓански организации.
- Ги поддржуваме лидерските структури за одржлив развој низ локална филантропија и го зголемивме делувањето на **7 општини**. **Ги зајакнуваме локалните партнерства со граѓаните и заедниците**.
- **Инвестираме во растот на локалната филантропија!** <u>Ги доделивме првите 14 грантови за филантропија во висина од над 9.560.000 мкд</u>. Сега локални граѓански организации и неформални младински групи ќе овозможат да се донира и поддржи живеењето во нивните заедници. 6 граѓански организации мобилизираа вкупно 2.341.509,00 ден за иницијативи во нивните заедници.
- Донесовме инспирација од **студиска посета во Романија** заедно со членовите на акциските јадра и лидерските групи. Видовме и веруваме дека можеме и ние! Локалните граѓански фондации нè

инспирираа засилено да работиме на создавање услови филантропскиот потенцијал во нашите заедници да се насочи кон одржлив развој.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОРПОРАТИВНА ФИЛАНТРОПИЈА И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ

- На **првиот директорски појадок 13 извршни директор(к)и** на компании дадоа насоки за Клубот на одговорни бизниси
- **40 претставници/чки од 14 компании** се стекнаа со нови знаења или добија поддршка стратешки да применуваат ООП, ESG и корпоративна филантропија. На **18 компании** им помогнавме да напредуваат во плановите, стратегиите и практиките за корпоративна.
- **8 компании** инвестираа средства за одржливоста на **Клубот на одговорни бизниси.**

## РЕГИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО ДЕЛУВАЊЕ

- Застапувавме во регионот и меѓународно за заштита на граѓанското општество. Нашата експертиза ја споделувавме меѓународно, а македонските примери за меѓу-секторската соработка се пример во светот.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ И КОМУНИКАЦИИ

- Го зголемивме опфатот и обемот на програмски активности. **25 активности вклучија ~600 учесници/чки**. Нашето присуство во медиумите **порасна за 52%** во споредба со лани. Оваа година броиме **над 157 објави.**

# ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

- **Порасна** Мрежата за финансиска одржливост на ГО која сега брои **128 членки.**

- **87 претставници/чки на 53 ГО и неформални групи** научија како да прибираат донации, соодветно да ги планираат, и ползуваат и да негуваат одговорен однос кон локалните донатори. Вклучивме организации надвор од Скопје кои имаат помалку можности.

- Сертифициравме **6 организации со Ознаката за доверба,** кои под наше менторство ги достигнаа високите стандарди и ги исполнија критериумите.

- Низ **28 менторства**, **21 организација** сега планирано и поуспешно прибираат донации во своите заедници и на **www.opop.mk**.

- **Сервисот „Конектирај се!“ зближува компании и граѓански организации**. Годината ја завршуваме со **12 успешни партнерства**. Со поддршка на сервисот е основана и една нова граѓанска организација.



# ИЗВЕШТАЈ ПО СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

## ФИЛАНТРОПИЈА

### ГРАДИМЕ НА НАЦИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЛАНТРОПИЈА

Продолжуваме да го поттикнуваме филантропскиот дух меѓу граѓаните и бизнисите, создавајќи заедно одржливи механизми и решенија за паметно, обмислено и стратешко донирање. Промовираме култура на филантропија која се темели на доверба, отчетност и солидарност. Градиме долгорочна инфраструктура која ќе ги поддржи и донаторите и граѓанските организации, овозможувајќи им да создаваат позитивни промени во своите заедници. Застапуваме за подобри закони, нудиме нови можности за искусување на радоста на донирањето, меѓу другото и преку онлајн плафтормата за паметно донирање„Оп-оп“. Преку обмислено донирање создаваме решенија на проблемите и нивните причинители, наместо само ублажување на последиците.

**1. Форум на филантропија**

Второто издание на форумот за филантропија обедини 150 претставници од државни институции, граѓански организации, бизниси и од медиумите. Единствениот национален настан во државата кој го опфаќа прашањето на филантропијата и послужи како платформа на која филантропските лидери и сите други заинтересирани чинители разговараа за актуелни прашања поврзани со филантропијата, споделивме најдобри практики, знаења, но и меѓусебно се инспириравме. Со оглед на тоа што во регионот има сериозен недостиг од вакви настани, годинава форумот имаше регионален карактер со вклучување на ценети говорници кои ги споделија своите инспиративни примери од регионот.

Годинава, со поддршка од нашиот партнер ECNL, вклучивме најсовремени концепти во програмата, како што се употребата на вештачката интелигенција преку онлајн интервју со г-ѓа Уша Менон, призната експертка за прибирање финансиски средства од Сингапур. Успеавме да воспоставиме продуктивен однос со странските говорници на форумот, разменувајќи искуства и идеи со цел продлабочување на идната соработка. На форумот преку панел сесија посветена на филантропијата на Балканот се инспирирани од искуствата од нашите гости

говорници од Албанија, Хрватска, Србија, Косово и Северна Македонија, како и од најдобрите практики од Балканот, вклучително и меѓусекторска соработка.



Дел од атмосферата на форумот за филантропија – фотограф Александар Чокрески

Панел-дискусија беше посветена и на бизнисот, за да се слушнат нивните барања и потреби, на која претставниците на бизнисот ја истакнаа важноста на бизнисите да ги здружат напорите во иницијативата за одржливост како што е Клубот на одговорни бизниси на Конект. Медиумската панел дискусија ја потврди потребата добрите филантропски практики да бидат повисоко рангирани на агендите и беа донесени заклучоци со цел да се поттикнат медиумите да покриваат теми за филантропијата. Форумот имаше одлична медиумска покриеност, со над 30 изјави и написи во традиционалните медиуми и на онлајн медиумските портали.




Панел со медиуми на форумот за филантропија – фотограф Александар Чокрески

**2. Денови за донирање**

Второто издание на националната кампања „Денови за донирање“ покажа дека кампањата е важен дел од филантропската инфраструктура во земјава. Успеавме да мобилизираме 3.382.548 денари во финансиски средства, добра и услуги за 27 граѓански организации кои ги менториравме за мобилизација на локални ресурси и 11 занаетчии. Вклучивме над 3.000 граѓани и повеќе од 50 бизниси, со кампањата поттикнавме култура на локално донирање, покажувајќи дека влијателните иницијативи можат да бидат поддржани од локални ресурси, наместо да се потпираат само на странски донатори. Со преку 27 организирани активности, со над 120 волонтери и со времетраење од повеќе од 75 дена, кампањата придонесе за промена на перцепцијата за филантропијата, докажувајќи дека секој може да донира и да стане дел од значајни промени. Бројот на нашите поддржувачи и донатори значително се зголеми, што резултираше со 20% повеќе доделени признанија на партнерите на донирањето споредено со минатогодишната кампања. Кампањата оваа година свечено ја отворивме со специјален настан на платото пред East Gate Mall во Скопје со пожарникарите волонтери од целата земја со кои граѓаните можеа да се сликаат, а имаа и можност да донираат за доборволните противпожарникарски друштва и за нивно опремување. Како централен настан во кампањата „Денови за донирање“ ја издвојуваме и добротворната модна аукција. На аукцијата обединивме над 120 присутни вљубеници во модата, комбинирајќи стил, филантропија и чувство на заедништво во една незаборавна вечер. Присутните наддаваа за донирани модни креации од 16 реномирани македонски дизајнери и нови модни таленти, студенти дизајнери, собирајќи над 160.000 денари за донаторскиот фонд, прв во земјава. Донаторите ги поттикнавме да донираат и на добротворна забава со познати Ди-џеи од домашната музичка сцена, меѓу кои и Тони Зен. Како заокружување на целата кампања, традиционално го организиравме добротворниот новогодишен базар на кој присутните кои



Фотограф Томислав Георгиев

**„Елката на добри дела од базарот во рамки на кампањата „Денови за донирање“ не е само елка за пишување добри дела, туку е и аманет за да ни помогне да научиме, да се едуцираме и да се здружиме заедно паметно да донираме од срце. 2024 беше исклучително успешна година со поддршката од Конект и посакувам во 2025 година уште повеќе луѓе заедно да донесеме одлука да донираме паметно“** – Огнен Јанески, гласноговорник во кампањата „Денови за донирање“.

донираа се здобија со интересни празнични производи од 27 социјални претпријатија и занаетчии кои ја претставија својата работа и производи.




Добротворна модна аукција - фотограф Александар Чокрески

**3. Доделени првите грантови од донаторскиот фонд на Конект**

Донаторскиот фонд е **првиот единствен локален извор на директна финансиска поддршка на граѓанските организации**, здружувајќи ги ресурсите од локалните компании и граѓаните кои од година в година се зголемуваат. Фондот функционира по високи стандарди на квалитет и ефикасност и претставува механизам кој им овозможува на донаторите, семејствата и бизнисите да го зајакнат своето филантропско влијание во своите заедници. За **прв пат во нашата земја доделивме финансиска поддршка во вид на грантови** за три граѓански организации од доверба од средства кои лани беа донирани во фондот, избрани и проверени по строги критериуми за постигнати успеси и ангажман во прибирањето донации за време на ланската кампања „Денови за донирање". Грантови од 100.000 денари доделивме на здружението „Вилсон Македонија" за да може да продолжи да ја крева свеста за Вилсоновата болест преку нивната хуманитарна трка „Подај рака" и да дава поддршка на лицата кои живеат со оваа состојба, на здружението „Заедно посилни" за да работи на подобрување на квалитетот на животот на луѓето кои живеат со ХИВ, но и да им помага во укажување на потреби и долгорочните предизвици со кои се соочуваат во нивните заедници до институциите, како и „ХОПС" за да може да продолжи да дава бесплатна правна и психосоцијална помош, здравствени услуги и економска помош на маргинализираните и ранливите заедници, како и нивните семејства. Го следиме нивниот напредок и ќе ги известуваме донаторите за постигнувањата. Донаторскиот фонд како механизам дава можност локалните донации да се насочат во иницијативи со докажано влијание. Оваа година ги избравиме и четирите организации кои ќе бидат поддржани од фондот преку овогодинешната кампања „Денови за донирање": „Доброволното противпожарно друштво Св. Николе", „Отворете ги прозорците", „Палиум" и „ИМКА Битола". Донирајте и вие **<<тука>>!**

**4. Донаторски кружок**

Донаторскиот кружок е друштво на индивидуални филантроп(к)и, претставници на локални бизниси и други поддржувачи кои се собираат заедно да донираат за три избрани граѓански иницијативи, кои имаат потенцијал со својата работа позитивно да влијаат во заедницата. Во 2024 година Конект го одржа петтиот по ред донаторски кружок со рекордни постигнувања. Над 160 граѓани и бизниси, поединци од сите сфери на животот, заеднички донираа, со цел да направат значајна разлика во нашите заедници со што успеавме да собреме **неверојатни 1.000.033 денари** во на јуспешниот кружок досега

---

**„Воодушевени сме од ентузијазмот и солидарноста на дело што го покажува нашето друштво на жени и мажи филантропи што донираат заеднички и обмислено. Успехот на донаторскиот кружок ја покажува моќта на заедницата преку донациите да ги оствари промените кои сакаме да ги видиме во општеството. Негуваме култура на солидарност и поддршка. Конект ја изразува својата благодарност до сите донатори, индивидуални и корпоративни, како и волонтери кои придонесоа овој настан да е толку посебен“.** Никица Кусиникова, извршна директорка на Конект.

---




Дел од атмосферата на донаторскиот кружок во Скопје - фотограф Александар Чокрески




Претставниц(чк)и на ГО од донаторскиот кружок - фотограф Александар Чокрески

Нашите здружени донации ќе овозможат **Акција Здруженска** да продолжат да туркаат за пристап до вода, превоз, едукација, здравје и женски права во заедниците, бидејќи во помалите места жените најчесто се безгласни, не одлучуваат, ги нема пред кооперација, а во општина влегле само за венчавка.

Со собраните донации **Енхелеус Лихнид** од Охрид, веќе ја реализираат својата идеја и желба –воохридското с. Лакочереј старото напуштено училиште да го пренаменат во мултифункционален креативен центар за млади каде тие ќе можат да создаваат, да се дружат, дебатираат, учат, свират и забавуваат. Пренамената на објектот е во полн ек и тој полека се претвора во центар за организиран младински развој.

Здружените донации за **Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари** ги насочивме за центарот кој е засолниште за жените од Шуто Оризари, жртви на насилство. Центарот за само 8 месеци успеа да згрижи 65 жени со нивните деца. Помогнавме овој единствен центар да добие официјална лиценца од државата. Нашите донации помагаат во неговото опстојување како решение на долг рок за жените соочени со безизлез. **Првите донаторски кружоци локално**

Успешно го пренесовме нашето знаење на локално ниво и успеавме да го воведеме моделот на донаторски кружок во три заедници: Струмица, Гостивар и Гевгелија. За првпат во овие три заедници, во живо се спроведоа настани за донирање, а поддршка добија девет (9) локални иницијативи на граѓански организации. Како резултат, над 197 индивидуални и корпоративни донатори собраа 767,400 денари и ја почувствуваа радоста на заедничкото давање преку моделот на донаторски кружок. Донаторските кружоци беа спроведени од локалните граѓански организации. За локалните донаторски кружоци најзаслужни се нашите партнери

за локална филантропија: **„Новус“** од Струмица, **„Демокраси Лаб“** од Гостивар и **„Фондацијата Аполонија“** од Гевгелија.

Во Струмица, граѓанското здружение **„Мобилност“** собираше средства за да се поправи комбето за транспорт на лицата со инвалидитет, велосипедскиот клуб **„Актив“** собираше средства за да го заокружи рекреативниот камп на планината Беласица, додека здружението **,,Говорот на срцето“** собираше донации за организирање на работилници за помош на семејствата со аутистични деца.

**„Капка по капка се полни чашата. Ова е доказ дека ние, граѓаните треба да си подадеме рака и да упатиме порака дека си требаме едни на други. Не е важно колку донирав, важно е што граѓаните се мобилизираат и помагаат да се решат одредени потреби“,** Марија Бандулова донаторка на донаторскиот кружок во Струмица






Дел од атмосферата од донаторскиот кружок во Струмица - фотограф Дени Стефановски

Во Гостивар, донаторскиот кружок претставуваше можност за солидарност и поддршка за три инспиративни иницијативи од локални организации. **„When in Trouble“** е иницијатива која собираше средства за обезбедување на новогодишни пакетчиња за деца, со цел да донесе радост и топлина во празничниот период. **„Етика“** е центар за женски права и собираше донации за оперативните трошоци на шелтер куќата, која служи како безбедно засолниште за жени жртви на семејно насилство. Организацијата **„I Can“** собраа донации за креирање на библиотека за млади со книги за самопомош, насочени кон борба против врсничко насилство и анксиозност, овозможувајќи им алатки за подобро справување со предизвиците.





Фотографии од Донаторскиот кружок во Гостивар, фотографии на Демокраси Лаб

Донаторскиот кружок во Гевгелија, во организација на фондацијата Аполонија од Гевгелија ги надмина очекувањата и на самите организатори и на учесниците на настанот. **Се собраа неверојатни 471.000 денари** за: „**НАЛЛП Центар Мајка Тереза – Гевгелија“,** кои со собраните донации веќе создаваат нови можности за децата и лицата со попреченост од заедницата, потоа за „**Гевгелија Точак Клуб“**, кои собраните донации ќе ги искористат да изградат нова велосипедска култура во градот и „**Здружение на слепи лица – Гевгелија“,** донации кои ќе придонесат за физичкото и менталното здравје на слепите лица. На донаторскиот кружок присуствуваа над 100 луѓе, индивидуални филантропи, претставници на бизнис заедницата, но и ученици од три основни училишта кои организираа свои активности за собирање средства пред донаторскиот кружок, за да можат да ги поддржат иницијативите што се претставија.




Фотографии од Донаторски кружок во Гевгелија, фотограф Васко Трајков

## 5. Нови платформи за граѓанско учество и лесно донирање онлајн



Во 2024 ја оправдавме нашата заложба и напор за овозможување поголем дигитален простор на граѓанскиот организации. Ја воспоставивме онлајн платформата за групно донирање („crowdfunding“) **„Оп-оп“.** Со нашиот партнер Индиго, организиравме два промотивни настани во East Gate Mall, за да ја доближиме „Оп-оп“ до граѓаните, користејќи алатки за активација на граѓаните и нивно запознавање со платформата. Активно ја промовирамвме платформата на социјалните медиуми, но и на сите поголеми настани кои ги реализираме (форумот за филантропија, донаторскиот кружок), а одржавме и наменска обука за мобилизирање локални ресурси од напредно ниво со менторираните организации на која фокусот го ставивме на креирање и поставување успешни краудфандинг кампањи на онлајн платформата „Оп-оп“.

Предноста на платформата е што преку неа можат да донираат и граѓаните и компаниите, не само од земјава, туку и од странство со што го зголемува потенцијалот за донирање. „Оп-оп“ е лесна и безбедна за користење, со вградени сигурносни механизми и механизми за заштита на приватноста. Таа ги генерира потребните документи за користење на даночни олеснувања за сите донатори кои имаат таква потреба. Дополнителна вредност на платформата е тоа што таа овозможува и директно донирање кон организациите со што допринесуваме кон оддржливоста на ГО.

Од моментот на пуштање во употреба досега на „Оп-оп“ се поставени: **21 кампања**, регистрирани се **18 организации**, и се **собрани донации во износ од над 360.000,00 мкд**, со тенденција овој број да расте. Го искористивме потенцијалот на националната кампања „Денови за донирање“ за да ја промовираме платформата и да ги охрабриме граѓаните да донираат паметно и стратешки. Нашиот стратешки партнер, Телеком покрај промоција, ни обезбедува и бесплатен хостинг за платформата, што е од клучно значење за нејзината долгорочна одржливост. **Кампањите на платформата „Оп-оп“ имаат за цел да ги подобрат**




Промоција на платформата Оп-оп - Фотографија на Томислав Георгиев

животите на над 90.000 граѓан(к)и во земјава**. Платформата беше препознаена и во домашните медиуми со низа објави посветени на нејзина промоција.

Го овозможивме и локалното користење на **„Комунити“** – дигиталната платформа за граѓанско учество и комуникација со општините. Платформата „Комунити“ на нашиот партнер Индиго е достапна за граѓаните во 6 општини (Охрид, Гевгелија, Чаир, Шуто Оризари, Гостивар, Струмица), и преку нејзе се дигитално ангажирани и учествуваат во идентификување на приоритетите во нивните заедници. Нашиот партнер со поддршка на локалните акциски јадра организираа 3 каравани за нејзина промоција, 1231 превземање на апликацијата, повеќе од 3000 лица присуствувале на промотивните активности за платформата. На платформата најактивни беа локалните чинители, особено јадрата, кои објавија повеќе од 200 статии.







Дел од атмосферата од караванот Комунити - фотографија на Индиго

# ГРАДИМЕ ЛОКАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ФИЛАНТРОПИЈА

## 1. Фондации на заедницата

„Доброто на заедницата е доброто на секој поединец во неа“. Нашите добри практики и принципот на работење базиран на моделот на фондации на заедницата за кој се залагаме на Европско ниво, ги пренесуваме на локално ниво. Воспоставената соработка со **седумте општини** Битола, Гевгелија, Гостивар, Охрид, Струмица, Чаир и Шуто Оризари се продлабочи.





Од лево кон десно: фотографии од средбите на лидерските групи – ЛАЈ Охрид и ЛАЈ Гевгелија

Во 2024та се јакнеа и градеа капацитети на 7те локални акциски јадра, а се идентификуваа и формираа и 6 **лидерски групи** во општините Гевгелија, Гостивар, Охрид, Струмица, Чаир и Шуто Оризари. Локалните акциски јадра заедно со лидерските групи ги иницираа првите активности за локално мобилизирање на ресурси кои вродија со одличен успех (види на страна 11 за првите донаторски кружоци локално). Мобилизирањето на локалните ресурси, поврзувањето помеѓу примателите на донации, со индивидуалните и/или корпоративни донатори, а со самото тоа и активирање на заедницата е сосема ново искуство за членовите на лидерските групи, значењето и успехот на овие први чекори се непроценети! Конект и понатаму делува на ниво на Европа каде сме вмрежени во мрежата на Европските иницијативи за на фондации на заедницата **(European Community Foundation Initative**). Нашите искуства од студиска посета во Романија ги споделивме со членките преку **краток блог** за клучните учења од посетата.



Учество на годишната средба на ECFI во Берлин – фотографија на ECFI

*Секотрите работат заеднички:* Ја организиравме првата **средба за вмрежување** на претставници од локалните акциски јадра, лидерските групи и претставници на единиците за локална самоуправа. На средбата присуствaа 49 лица, разменија искуства и информации за можностите за развој на локална филантропија, мобилизирање ресурси и заедничко решавање на проблеми и состојби во нивните заедници. Средбите за вмрежување се особено важни за взаемно инспирирање, споделување на успешни и помалку успешни приоди и со тоа учење едни од други водени од заедничка визија за подобро утре во нашите заедници.





Фотографии од средбата за вмрежување во Тетово, фотографии на Небојша Петревски

Поттикнуваме самоодржливост, проширувааме партнерства. Прибирањето на средства, финансиски или материјални добра и услуги за одредена кауза, решавање на проблем во заедницата, или пак организирање акции за доброто и во интерес на целата заедница е процес кој бара посветеност, знаења, иновативност, креативност. Конект континуирано ги следи трендовите и новитетите во пристапот за прибирање средства, а знаењето и искуството ги пренесува на партнерите и соработниците. Преку обуките им пренесуваме знаења и вештини како да ги поврзуваат граѓанските организации со локалните бизниси и институции за реализација на заеднички цели, ги зајакнуваме нивните капацитети за преговарања, да идентификуваат начини како да обезбедат средства за посакуваните промени во нивните заедници. Добиените информации, стекнатите вештини како и посветеноста на граѓанските организации и активисти резултираа со организирање различни настани за прибирање финансиски средства, материјални добра и услуги.



Стратешка средба на градоначалници - фотограф Томислав Геогриев

## 2. Јадра во заедниците

*Поддржуваме и развиваме: Нови јадра, нови фондови:* Во 2024та посветено дадовме поддршка на **локалните акциски јадра** во Битола, Гевгелија, Гостивар, Охрид, Струмица, Чаир и Шуто Оризари и локалните граѓанските организации за активирање на заедницата преку локална филантропија. Веруваме дека локалната заедница ги поседува потребните знаења и ресурси за самата да биде двигател на одржлив развој. Затоа нашиот приод се базира на препознавање, јакнење и менторирање на локалното лидерство да се здружува и самите да прават позитивни промени. Ние не доаѓаме од Скопје директно да спроведуваме активности во другите градови, туку работиме и поддржуваме локални организации и чинители на коишто им го пренесуваме сето наше искуство и алатки базиран на моделот на на фондации на заедницата. Заеднички градиме капацитети за развивање на заедниците.

2024та ја заокружуваме со проширување на кругот на општини со кои соработуваме, ја вклучуваме и Општина Битола. Претставници од локалната самоуправа ги делат нашите заложби за заедничка соработка и приклучување на платформата Комунити.

Локалните акциски јадра создадоа лидерски групи, организраа конститутивни состаноци на кои учествуваа над 70 членови. Лидерските групи се неформални групи, составени од членови од нивните општини, кои  со својата експертиза, ентузијазам, време и посветеност помагаат во мобилизирање ресурси. Локалните акциски јадра заедно со членовите од лидерските групи, започнаа да ги поврзуваат локалните бизниси со граѓанските организации, поттикнуваат граѓаните активно да се вклучат и да предложуваат идеи за решавање на предзивиците во локалните заедници.

Јадрата од Гевгелија, Гостивар и Шуто Оризари развија планови за формирање на први локални филантропски фондов кои ќе имаат за цел ги здружат донациите на бизнисите и граѓаните, кои понатаму на транспарентен начин ќе се доделуваат на проверени и влијателни локални организации и иницијативи коишто прават долгорочни промени во заедницата. Овие фондови ќе служат за поттикнување и поддршка на локалните иницијативи во општината.

**Поттикнуваме и споделуваме знаење за одржлив развој**

Создадовме тим на обучувачи кој ги учи граѓанските организации како поуспешно да добијат донации во нивните општини за иницијативите што се вредни за поддршка. Тие се веќе подготвени да организираат донаторски кружоци, да ги користат платформите „Оп-оп“ (**www.opop.mk**) и Комунити, а преку сервисот „Конектирај се!” да ги поврзат граѓанските организации со компаниите. За ова одржавме две обуки за обучувачи, а се инспириравме од примерите кои ги видовме на студиската посета во Романија (страна 18).

Работевме и го обучивме секое јадро поединечно: за начинот на прибирање средства од локални ресурси, односно за начинот на подготовка на планови, алатки и техники, различни форми на соработка со бизнис секторот, начини на барање поддршка, креирање буџет за прибирање средства, негување на односи со донатори, како и јавен настап пред потенцијалните донатори.



Дел од атмосферата од обуките за обучувачи – фотографии на Конект

**Ги поврзуваме и им помагаме на сите што сакаат да бидат дел од промената.**

Патувавме до Романија на студиска посета. **Види и поверувај дека можеш!** Претставниците од локалните акциски јадра и нивните лидер(к)и се инспирираа од романските примери. Посетивме на фондации на заедницата и се уверивме во нивната работа што е применлива и

кај нас. Се стекнавме со искуства како да создадеме фондации на нашите заедници, кои ќе собираат многу донации за добрите дела и мисии на граѓанските организации.

Со стекнатите знаења веќе создаваме услови за остварување на филантропскиот потенцијал во нашата земја кој треба да го насочиме кон одржлив развој на заедниците.

**"Студиската посета на фондациите во заедниците во Романија, не само што ми овозможи вредни сознанија за нивната работа, туку и ме инспирираше да ги адаптирам нивните искуства во нашата заедница. Страста и посветеноста на овие организации, кои со позитивно и филантропско влијание делуваат во нивните заедници, ја зајакнаа мојата верба во моќта на колективното дејствување. Ме мотивираа да изнајдам начини за примена на научените лекции во мојата работа и да придонесам за градење посилни, поемпатични и одржливи заедници."** – учесник(чка) од студиската посета






Од лево кон десно – посета на CF Ramnicu Valcea, CF Fagaras, CF Timisoara – Фотографија на Конект




Видео од студиската посета во Романија –
Подготвено од Виктор Крстаноски од ЛАЈ Охрид

Во декември организиравме дводневна работилница за организациски менаџмент и процедури за локални акциски јадра. Учесниците се запознаа со принципите на добро управување, структурата на граѓанските организации политиките и процедурите, како и со ознаката за доверба.

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОРПОРАТИВНАТА ФИЛАНТРОПИЈА И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Им помагаме на бизнисите да ја препознаат својата моќ за обликување на општеството и заедниците каде делуваат. Од стратешки приоди, преку планови за напредок, до обмислување и реализација на специјални проекти, ние сме нивните советници за ESG, одржливост и општествена одговорност. Влијанието го зголемуваме преку нашиот Клуб на одговорни бизниси што освен индивидуалниот приод кон членките, создава и стручно обмислени влијателни програми за одржлив развој во животната средина, доброто управување и развојот на заедницата.

## КЛУБ НА ОДГОВОРНИ БИЗНИСИ

Клубот обединува бизниси со докажано искуство во општествено одговорните практики со истомисленици, посветени на позитивно влијание врз општеството и животната средина. Клубот на одговорни бизниси има неколку клучни компоненти:

- **Колективно влијание** – со здружување на силите, бизнисите во клубот можат да го засилат своето влијание и да поттикнат значајни општествени промени.
- **Лидерство и соработка** – клубот нуди единствена можност врвниот менаџмент на компаниите да се вмрежи и соработува за колективно влијание на одржливиот развој и клучните предизвици на бизнисите.
- **Споделување знаење** – пристап до мноштво ресурси, најдобри практики, стручни обуки и сознанија за да им помогне на бизнисите да ја интегрираат одржливоста во секојдневната работа и да се во тек со најдобрите меѓународни практики и трендови.
- **Индивидуален напредок** – преку членството компаниите ги умапредуваат своите практики за ESG, оджливост, општествена одговорност и вложување во заедницата.

Заложби за поддршка на клубот и градење одговорен бизнис дадоа 36 бизниси лидер(к)и и со тоа се посветија на учество во решенијата на локалните предизвици, лидерство и континуирано инвестирање во развојот и иднината на земјата на нејзиниот пат кон членство во ЕУ.

На првиот директорски појадок во Скопје наменет за врвниот менаџментот на највисоко ниво дискутиравме  за приоритетни општествени прашања важни за компаниите и одржливиот развој. Единството на бизнисите е клучен пристап за општествено влијание. Бизнис лидер(к)ите од нашите членки изразија готовност за соработка и заеднички да создаваме промена за намалување на иселувањето од земјата, квалитетно образование и можности за младите, заштита на животната средина и подигање на свеста, интегритет и соработка со граѓанскиот сектор. Се согласивме дека компаниите посветено ќе работат на враќање на вредностите кои недостасуваат во нашето општество и позитивен чекор е што раководството на компаниите изрази силна волја за соработка на овие предизвици што се вклучи и во работата на клубот.



**„Здружувањето на бизнисите може да биде многу повлијателно во општеството и да придонесе за вистински промени. Бизнисите немаат доволно фокус на посериозно влијание врз социјалните процеси и на компаниите им недостасува подобро вмрежување**“ – Марјонка Вељановска, извршна директорка на „Фармахем“.

Специјална гостинка на појадокот беше г-аЛиза Мекилвена, експерт и заменик директорка на Business in the Community (BITC) од Северна Ирска, која е сестринска иницијатива на КОБ.




Директорски појадок со менаџмент од највисоко ниво на компаниите членки на КОБ

# СТРАТЕШКИ ФОКУС НА ESG

Конект продолжи да ги поддржува компаниите во нивниот раст во општествената одговорност односно ESG насочени кон одржлив развој.

Нашето знаење и експертиза го споделуваме со компаниите и помагаме бизнисите да ги зајакнат своите капацитети. Организиравме професионална обука за општествена одговорност и ESG за компаниите членки на Клубот на одговорни бизниси, како и за оние кои беа заинтересирани да се приклучат. Во рамки на обуката, г-аЛиза Мекилвена, експерт и заменик директорка на Бизнисот во заедницата од Северна Ирска (Business in the Community Northern Ireland), ги сподели своите искуства и знаење. Обучивме 40 учесници од компании кои директно работат во оваа сфера, ги разгледавме најновите трендови во ESG и општествената одговорност. Споделивме најдобри практики и помогнавме на компаниите да стекнат практично, чекор по чекор знаење за развивање на локални проценки на материјалноста. Обуката ги опфати сите клучни области од ESG со фокус на прашањата за животната средина придружени со практични примери кои компаниите ги сметаа за особено корисни за нивниот бизнис.




Дел од атмосферата од обуката за ООП и ESG - фотографија на Томислав Георгиев

Преку ваквите активности директно инвестираме во професионалците кои работат во областа на ООП и ESG во компаниите членки на клубот и продолжуваме да ја поттикнуваме општествената одговорност кај бизнис секторот. Нашата цел е да им помогнеме на компаниите да обезбедат зголемена продуктивност, иновации и долгорочен одржлив развој.

**Родова рамноправност и семејна одговорност**

Одржувањето на продуктивни работни места и задоволни вработени е клучно за членките на Клубот за одговорни бизниси. Продолживме со поддршка на јавниот и приватниот сектор за зајакнување на родово одговорните семејни политики и за промовирање на работни места кои се прилагодени на потребите на вработените и нивните семејни и приватни околности.



Работилница за компании во соработка со УНФПА - Фотографија на Конект

Во рамки на програмата „Проширување на изборот преку политики за усогласување на семејните и работните обврски", каде што сме имплементирачки партнер на Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) одржавме работилници и дискутиравме со претставници на јавниот и приватниот сектор за потребата од воведување и зајакнување на родово одговорните семејни политики и промовирање на работни места што им помагаат на жените и на мажите да ги исполнат своите стремежи на работното место и во домот. Вкупно 6 институции и 10 компании се вклучија во овој процес, разменија практики и силна посветеност да го унапредат своето позитивно влијание на вработените. Знаејќи за придобивките од родово одговорни семејни политики и мерки бизнисите ги разменија најдобрите практики кои служат за инспирација, а Конект и во иднина ќе ги поддржи да ги унапредат практиките. Програмата е поддржана од Австриската агенција за развој (АДА).




Продолживме и со промовирање на стандардот за баланс меѓу работниот и приватниот живот MAMFORCE што е одлична можност работодавачите да ги унапредуваат своите практики за задоволни и продуктивни вработени.

**Цели за одржлив развој (ЦОР)**

Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на ГО, бизнис секторот и институциите. Тие се платформа за градење на меѓу-секторски партнерства за постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Континуирано работиме на Цел 17: Партнерства за остварување на целите. Различни сектори ги поврзавме за заеднички да работат за доброто на своите заедници охрабрувајќи ги промените што ги посакуваат да ги земат во свои раце и да ги остварат. Сите

наши иницијативи се поврзани со ЦОР за активно да придонесеме за подобар и одржлив свет. Прочитајте повеќе на www.sdgs.mk.

Изминатите години во нашите иницијативи за меѓу-секторски партнерства за одржлив развој, заедно со компаниите, граѓанскиот сектор и институциите ги измапиравме приоритетните области за нашата земја каде што заеднички може да постигнеме значајни промени. Тие приоритетни ЦОР ги пресликавме и во приоритетните области на првиот донаторски фонд кај нас како и во програмите на Клубот на одговорни бизниси.

## КОНЕКТИРАЈ СЕ!

Кога бизнисите и граѓанските организации соработуваат, тие активно создаваат силни основи за одржлив развој и подобар живот за сите. Бизнисите имаат уникатна можност да го поддржат општествениот развој преку инвестиции во проекти кои значително ќе го подобрат животот во заедниците. Во исто време, граѓанските организации ги поседуваат стручноста и знаењето за потребите на заедниците, што ги прави клучни партнери во оваа соработка.

Преку сервисот „Конектирај се", продолжуваме да ги поврзуваме граѓанските организации со компаниите и институциите. Знаењата и експертизата што ги нудат компаниите се значаен ресурс за граѓанските организации, а нашата улога е да ги поддржиме стратешките партнерства кои носат корист и за бизнисите и за ГО. Поддршката што ја нудиме за граѓанските организации се прилагодува во зависност од нивните специфични потреби и ресурсите што се достапни од компаниите.

**„Конектирај се!" зближува компании и граѓански организации**. Годината ја завршуваме со 12 успешни поврзувања помеѓу ГО, локални бизниси и институции. Дополнително со поддршка на сервисот е основана 1 нова граѓанска организација.
Локалните акциски јадра работеа со засегнатите страни за да имплементираат проекти водени од заедницата, а кои се однесуваат на локалните потреби. Јадарата активно соработуваат со институциите, ГО, бизниси и граѓани, идентификуваат можности за соработка.

**Локалното акциско јадро од Чаир ја поврза „Еду Лумина" со Општина Чаир во обезбедувањето бесплатна правна помош и потребните плаќања до Централниот регистар за формирање на нивна граѓанска организација. Потоа, ги поврзаа со Nahla Konsalting, а поврзувањето им обезбеди бесплатни сметководствени услуги во првите две години од основањето на здружението.**

# З А С Т А П У В А Њ Е

## ЗАСТАПУВАМЕ ЗА ПОДОБРИ ЗАКОНИ И ПОЛИТИКИ

Продолживме активно да застапуваме и да ја ставаме на располагање нашата експертиза за законите и политиките кај нас да поттикнуваат повеќе донирање и општествено одговорни практики. Низ соработка и дијалог доаѓаме до подобри решенија.

Активно застапувавме консултирајќи се со сите чинители, а особено нашата мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации што во 2024 година број 128 членки. Соработуваме со институции и преку нашето клучно партнерство со Европскиот центар за непрофитно право од Хаг носиме значајна меѓународна експертиза во нудењето на решенија.

Годинава се водевме од приоритетите на нашиот патоказ заснован на истражувачки процес. Го задржавме фокусот на измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности чии измени можат да направат важна промена во културата на филантропија. Како резултат на нашата посветеност и експертиза, и со вклученост на сите клучни чинители, работната група формирана од Министерството за правда изготви нацрт-предлог закон што ја олеснува процедурата и ги отстранува идентификуваните бариери за користењето на даночните поттикнувања. Процесот ќе продолжи и понатаму.

Работевме и на саморегулација на граѓанскиот сектор за да се обезбеди најдобра пракса во прибирањето донации. Нашите правила и насоки за прибирање и документирање на донации во готовина или на различни настани го прават донирањето полесно, побезбедно и транспарентно. Овие правила ги споделуваме со сите организации и чинители за активно да ги користат при прибирањето средства со цел да се воспоставува добра пракса и да се зајакнува транспарентноста и отчетноста. Ваквите активности ги поврзавме и со критериумите на Ознаката за доверба.

Продолживме и со застапувањето за законот за волонтерство, стратегијата за развој на граѓанскиот сектор, социјалното претприемништво и низа закони кои можат да донесат важни промени за граѓанските организации (ГО). Од фокус ни беа и актите што се однесуваат на општествената одговорност, па членуваме и се вклучивме во возобновување на националното координативно тело за ООП. Застапувавме и за носење на национален акциски план за бизнис и човекови права. Преку мрежата во која ги повикуваме ГО активно информираме за сите промени, но и потсетуваме на законските обврски. **Придружете се**!

## ЗАСТАПУВАМЕ РЕГИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО

Нашето искуство и експертиза ги вложуваме и во подобрување на политиките и средината за делување на граѓанските организации во регионот и глобално. Анализите на сите клучни чинители укажуваат дека има значително стеснување на просторот за делување на граѓанските организации и дека тие се соочуваат со притисоци и бариери во работењето. Меѓународните политики за спречување на тероризмот како и стандардите за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот имаат особено негативно влијание врз активистите, граѓанските организации и нивната финансиска одржливост. Користењето на наративот дека донациите можат да се злоупотребат за финансирање на тероризмот негативно влијае и врз довербата во концептот на донирање. Поради тоа, нашите напори на национално, регионално и меѓународно ниво се насочени кон градење на свест и разбирање за овие негативни влијание, зајакнување на капацитетите на институциите, банките, ГО и останатите чинители како и застапување за промена на политиките и креирање на заштита и безбеден простор за граѓанските организации. Активни членови сме на глобалните мрежи како што **се Глобалната НПО коалиција за ФАТФ** и на **Коалицијата на граѓански организации**

**за човекови права и спречување на тероризмот.** Преку Глобалната коалиција во 2024 година се фокусиравме на неколку клучни области:

- Финансиска инклузија и пристап базиран на проценка на ризик: се промовираа насоки за земјите да разберат и управуваат со ризиците од перење пари и финансирање на тероризам на начин што нема да го попречи работењето на ГО.
- Работилници и дискусии: Се организираа работилници каде што го дискутиравме влијанието на регулативата врз граѓанското општество.
- Проценка на мерки: Ги оценувавме мерките за борба против перење пари и финансирање на тероризмот во различни земји, и промовиравме приоди што ги штитат ГО и овозможуваат нивно непречено работење.

Дополнително учествувавме на отворениот брифинг на Комитетот како клучен говорник за претставување на резултатите од имплементацијата на релевантните резолуции на Советот за безбедност од страна на земјите-членки на Југоисточна Европа како и за претставување на **Препораките од регионалните консултации за Централна и Источна Европа** кои се дел од **„Глобалната студија на ОН за влијанието од мерките за спречување тероризм врз граѓанското општество и граѓанскиот простор“.**

Продолживме да даваме придонес кон развојот на пристап заснован на ризик во системот за спречување перење пари и борба против финансирање тероризам  за непрофитниот сектор со цел заштита на граѓанскиот простор. Во соработка со Управата за финансиско разузнавање на РСМ и со Европскитот центар за непрофитно право (ECNL) продолживме да го градиме дијалогот со цел усогласување на националните практики со промените на меѓународно ниво по однос на стандардите за борба против финансирање тероризам и спречување на перење пари, како и фокусот на саморегулирачки механизми кои треба да ги штитат непрофитните организации. Во таа насока заедно со ECNL се вмреживме со директорот на Холандскиот регулатор за прибирање средства (**CBF**) каде ги разгледувавме компаративните практики за препознавање и практична употреба на механизмите за саморегулација како успешна мерка која одпринесува кон системот за спечување перење пари и борба против финансирање тероризам.

Детално ги следевме и европските промени во оваа област - пакетот на нови правила на ЕУ, вклучувајќи Директива и Регулатива за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање тероризам. Затоа што пакетот ќе има значително влијание врз непрофитниот сектор особено поврзано со платформите за групно финансирање се вклучивме во напорите на ECNL и Европската асоцијација за филантропија (**Philea)** во анализа на влијанието на овие политики врз работата на непрофитниот сектор. Нашите гледишта и експертиза за водење на платформа за групно финансирање и загриженоста околу импликациите на новиот пакет врз онлајн платформите за групно донирање се дел од документот **„Отпакување на пакетот за AML/CFT на ЕУ: импликации за непрофитните организации“**, и истите ги претставивме на онлајн вебинарот каде се промовираше овој документ.

Бевме дел и од **меѓународната работилницата на Global CFT Expert Hub во Јоханесбург** каде бевме поканети од нашите партнери ECNL како експерти од граѓанскиот сектор, каде заедно со претставници од секторот од целиот свет разговаравме за најновите случувања во областа

на спречување перење пари и борба против финансирање тероризам. На оваа платформа ги споделиме нашите успешни примери на меѓу-секторска соработка помеѓу непрофитните организации, регулаторот и финансиските институции.




Фотографија од меѓународната работилница во Јоханесбург - фотографија на ECNL

# П О Д Д Р Ш К А  Н А  Г О

## ЗАЧЛЕНЕТЕ СЕ ВО МРЕЖАТА ЗА ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ НА ГО ЗА ЗАЕДНО ДА ЗАСТАПУВАМЕ ЗА ПОВОЛНИ ПРОМЕНИ ВО СЕКТОРОТ

Нашата мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации континуирано расте и брои  128 активни членки. Заедно со членките, активно се вклучуваме во клучни процеси за граѓанскиот сектор. Поттикнавме членките на мрежата да се вклучат со свои предлози за заедничко застапување, особено во процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кој продолжува по одреден застој. Редовно ги информиравме за законските обврски и роковите кои ги имаат граѓанските организации кон институциите и јавноста, како и за важноста на навременото следење на овие процеси. Со членките на мрежата и со останатите граѓански организации ставаме на располагање ресурси како „Прирачникот за НПО – Спречување на изложеноста на непрофитниот сектор на перење пари и финансирање тероризам“ со коишто им помагааме во градење на нивните капацитети.

Во консултација со нашите членки, доставивме предлог за придонес во подготовката на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, согласно јавниот повик. Укажавме на потребата од измена на важни закони, вклучувајќи го Законот за донации и спонзорства, Законот за сметководство на непрофитни организации, како и Законот за волонтерство. Кон крајот на 2024 година започна и процесот на формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанскиот општество, во што активно се вклучивме. Овој процес го следиме во текот на целиот период и ги информираме членките на мрежата за сите активности и напредок. Продолжуваме заеднички да застапуваме за поволни промени за граѓанските организации.

# ОБУКИ И МЕНТОРСТВО ЗА МОБИЛИЗИРАЊЕ ЛОКАЛНИ РЕСУРСИ

Граѓанските организации се вредни за повеќе поддршка. Односот на граѓанската организација со донаторите треба да биде ориентиран кон градење на долгорочни партнерства кои ќе водат кон стабилни ресурси и позитивни влијанија во заедницата.
Ова се дел од клучните совети кои редовно им ги посочуваме на граѓанските организации за време на тридневните обуки за мобилизирање локални ресурси, дел од програмата за градење капацитети на кои преку конкретни совети, примери и вежби со гости предавачи од бизнис и граѓанскиот сектор им помагаме и ги менторираме граѓанските организации како да

**„Обуките донесоа ново знаење, вештини, искуство што ќе го примениме во нашата работа. Исклучителен квалитет на темите, обучувачите и начинот на кој беше спроведена обуката. Конект заслужуваат највисоки оценки, а нивниот придонес особено треба да се истакне, бидејќи учествуваат во градење на капацитетите на граѓанскиот сектор.“** – Марија Георгиевска, претседателка на здружението „Билкилајф“ и учесничка на обуката

подготват стручен план за мобилизирање локални ресурси и кои техники да ги употребуваат за да имаат поголем успех во барањето донации. Оваа година обучивме 166 претставници од 35 ГО и една неформална група за како полесно да дојдат до донации од бизнисите и граѓаните.

Стекнатото знаење и вештини сега тие го користат и организираат различни настани и активности за да добијат повеќе донации и поддршка што ја заслужуваат.



Дел од организациите кои се здобија со вештини за успешно мобилизирање локални ресурси - фотографија Конект

# МЕНТОРСКА ПОДДРШКА

По одржувањето на обуките, организациите кои покажаа интерес ги менториравме за изработка на конкретен план за прибирање финансиски средства и ги поддржавме да ги реализираат плановите. Низ менторскиот процес им помагаме да се стекнат со сигурност во пристапот кон нови донатори, ги советуваме за поуспешно да ги реализираат активностите и да се здобијат со поголем број донации од бизнисите и од граѓаните. Во текот на 2024 година менторската поддршка на Конект за прибирање средства опфати 12 граѓански организации (Сина револуција, ХОПС, Глас против насилство, ИНИ-Виничко кале, Здружение на дијабетичари на општина Битола, Здружение на дијабетичари на Охрид, Национална мрежа Жените за жените, Отворете ги прозорците, Палиум, Вилсон Македонија, Заедно посилни и Кризен центар Надеж) и ги водевме чекор по чекор до повеќе донации. Дел од организациите продолжија да ги користат своите добро познати начини на кои пристапуваат кон потенцијалните донатори за прибрање средства, а пак дел од организациите за прв пат организираа специјални настани и со наша помош добија значајни донации. Се стекнаа со нов круг на поддржувачи и донатори кои и во иднина ќе ја поддржуваат нивната работа.

**„Соработката и поддршката од Конект во изминатиот период беа неизмерно значајни за сите нас во „Палиум“. Имаме подобрени капацитети за прибирање финансиски средства, се ангажираме во комуникација и примаме донации од општествено одговорни компании и филантроп(к)и. Конект обезбеди менторка кој ни помогна не само со мобилизација на локални ресурси, туку и со зајакнување на нашите организациски капацитети. Низ овој процес созреавме како организација, сфаќајќи дека процесот на добивање донации во голема мера зависи од нашата сериозност. Воспоставивме јасни финансиски процедури, ја зголемивме активноста на социјалните медиуми, редовно ја ажурирaвме нашата веб-страница и ги подобривме нашите вештини за пишување проекти и собирање средства. Нашиот напредок, исто така, доведе до нашиот прв грант, пресвртница на која сме неверојатно горди како тим. Денес, стоиме посилни и посигурни, знаејќи дека имаме поддршка од заедницата.“** – г-а Благородна Мартиновска Ѓоргиева, „Палиум“

***Палиум – од страст до добро поставена граѓанска организација***

Приказната на „Палиум“ која носи промени започна од страста и посветеноста на Јорданчо и Благородна, двајца професионалци за палијативна нега водени од итната потреба за системска поддршка за пациентите со терминални дијагнози. Препознавајќи го зголемениот број случаи и отсуството на услуги за нега, тие го основаа „Палиум“ како граѓанска организација со мисија да обезбеди професионална волонтерска грижа и пристап до основните ортопедски помагала.

Сепак, почетоците беа исполнети со предизвици. Без пристап до значително финансирање од големи донатори, врски во непрофитниот сектор или искуство во мобилизација на ресурси, „Палиум“ се бореше да ја добие потребната поддршка за да ја исполни својата мисија. Само нивниот ентузијазам не беше доволен за воспоставување и одржување на организацијата.

Сè се промени по нивното учество на обуката за мобилизирање локални ресурси во рамки на проектот „Партнерства за донирање“, а потоа добија и менторство. Оваа пресвртница им даде алатки, менторство и самодоверба што им беа потребни за да ги организираат своите први активности за прибирање финансиски средства. Со насоки од менторите во проектот, тие допреа до бизнис секторот и ги обезбедија своите први донации, вклучително и поддршка од една од најголемите банки во земјата и компании кои продаваат ортопедски помагала. Донациите беа скромни, но покажаа дека поддржувачите може да се најдат во заедницата, што влијаеше на нивна та самодоверба, портфолио и доверба од идните донатори.

Но, влијанието на проектот не запре само на мобилизирање на локалните ресурси. Тие сфатија дека треба да побараат поддршка. Со про-боно волонтерска поддршка од тимот и менторите на Конект, Палиум ја разви својата прва политика за финансиско управување, изгради нова веб-страница, ја зголеми својата видливост, се стекна со нови вештини за предлози за проекти и се здоби со клучни вештини потребни за ефективно управување на една одржлива организација. Последователниот ефект од поддршката на проектот„Партнерства за донирање“ наскоро стана очигледен. Организацијата го обезбеди својот прв грант, позиционирајќи го „Палиум“ како единствена ГО во земјата посветена на обезбедување услуги за палијативна нега. Како резултат на сето ова, сега имаат повисок степен на самодоверба, негуваат силни врски со бизнисите, институциите, општините и индивидуалните поддржувачи и се на јасен пат да станат добро воспоставена и влијателна граѓанска организација која одговара на клучните потреби на нашите граѓани. Тимот на проектот „Партнерства за донирање“ го избра „Палиум“ како организација која ќе биде поддржана од донаторскиот фонд за да ја обезбеди нивната континуирана работа.



*Г-аБлагородна Мартиновска Ѓоргиева е професионалец за палијативна медицинска нега и еден од основачите на Палиум*
*Фото: Приватна архива*

Од борбата да продолжи да напредува како доверлив партнер во грижата, патувањето на „Палиум“ е доказ за трансформативната моќ на мобилизацијата на локалните ресурси и менторство кое се приспособува на потребите на организацијата. Денес, тие се залагаат за системски промени и даваат можност онаму каде што е најважно – обезбедување достоинство и грижа за оние на кои им е потребна.

## ГРАНТОВИ ЗА ФИЛАНТРОПИЈА

Инвестиравме во растот на локалната филантропија! Ги доделивме првите 14 грантови за филантропија во висина од над 9.560.000 мкд. Одбравме граѓански организации што посветено работат во својата мисија, нудат решенија за локалните проблеми и сакаат да изградат база на локални донатори што ќе ги поддржуваат нивните активности. Доделивме грантови за младинска филантропија како поттик за развој на идните генерации на

филантропи и млади што вложуваат во своите заедници. Доделивме грантови за: **Го сакам мојот град, Ја поддржувам мојата заедница и Млади филантропи** со што директно ги поддржавме граѓанските организации, младите и локалните акциски јадра да предлагаат конкретни решенија за локалните предизвици и да ги измобилизираат потребните локални ресурси за нивна реализација. Тоа значи дека сега, токму тие локални граѓански организации и неформални младински групи овозможуваат донирање и поддршка за поквалитетно живеење во нивните заедници. Иницијалните успеси на 6 грантисти се мобилизирани средства од вкупно 2.341.509,00 ден за иницијативи во нивните заедници.

Нашите локални акциски јадра дополнително обучија 101 претставник од локални граѓански организации успешно да прибираат заслужени донации со што постигнавме зголемување на активноста на локалните чинители, ослободувајќи го филантропскиот потенцијал во локалните заедници и развојот на културата на филантропија.



Доделени грантови за филантропија - фотографија Конект

## ОЗНАКА ЗА ДОВЕРБА

Ја зголемуваме на довербата во граѓанскиот сектор. Ознаката за доверба е веќе препознатлив механизам за само-регулација во граѓанскиот сектор што на граѓаните и компаниите им го олеснува изборот на доверливи организации каде можат да донираат и да бидат сигурни во својот избор. Преку транспарентен процес и темелна проверка, ознаката укажува на препорачани организации вредни за поддршка од донаторите. Организациите со ознака за доверба работат по високи стандарди и со посветеност на мисијата и вредностите, тие се транспарентни и отчетни, а управувањето е одговорно и осигурува законитост и безбедно раководење со финансиите.

Ознаката за доверба е отворена за сите организации. Ги менторираме граѓанските организации во исполнување на нивните стандарди, грижејќи се за нивните индивидуални потреби. Така, тие развиваат политики, процедури и организациски растат, а ознаката може

да ја добијат преку внимателно креиран процес и критериуми за транспарентност, отчетност, резултати од работењето и почитување на законската регулатива. Таа претставува стандард за добро работење, ја доделува независен мешовит стручен одбор, а процесот вклучува многу детални проверки на политиките, практиките и работата на организациите.

Оваа година се состана Одборот на ознаката и како резултат, на форумот за филантропија во 2024 година ги сертифициравме следните  шест (6) организации: 1) со ознака за доверба од целосно ниво, се следниве: „ХОПС – Опции за здрав живот Скопје“, Сојуз на извидници на Македонија, Здружение „Македонска асоцијација на земјоделски задруги“, Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“; 2) со ознака за доверба од основно ниво се здоби организацијата ,,Македонската Асоцијација на советници за развој на кариера АСК”. Дополнително Одборот ги разгледуваше апликациите на уште 2 организации кои го започнаа процесот на добивање на ознаката.




Сертифицирани организации со Ознака за доверба - фотографија на Александар Чокрески

# КОНЕКТ ВО МЕДИУМИТЕ

50% зголемено медиумско присуство

157 објави

15 ТВ гостувања

3 статии



# ФИНАНСИИТЕ ВО КОНЕКТ

Во 2024 година вкупните приходи на Конект изнесуваат 61,561,932 денари и се највисоки во досегашното постоење на организацијата. Тоа се должи пред сѐ на повисоките остварени приходи за програмите за филантропија со значителен зголемен обем на проектни активности на национално, но и на локално ниво. Резултатите од тоа програмско вложување се огледа во воспоставување на нова инфраструктура за лесно и паметно донирање, во зголемена активност и надградба на Клубот на одговорни бизниси, воспоставувањето на првиот национален донаторски фонд и првите донации преку Оп-оп. Исто така, во 2024 година бележиме значително зголемување на донациите од граѓаните и шесткратно зголемување на придонесот на компаниите во однос на минатата година. Иако поради зголемените програмски трошоци процентуалниот придонес на донациите од локални извори е релативно низок, тие средства обезбедуваат клучна поддршка за одржливоста на организацијата и се директен израз на нашата мисија. Сопствените средства пренесени од минатите години се за само-одржливост на организацијата и реализација на активности што не се покриени од страна на други донатори.




Приходи 2024 г.

| Извори на финансирање | Приходи (МКД) |
|---|---|
| Проект на УСАИД „Партнерства за донирање“ – Национална филантропија | 13,015,878 |
| Проект на УСАИД „Здружи се за заедницата“ – Локална филантропија | 27,965,722 |
| Техничка и интегрирана заштита на лични податоци - градење инклузивен дигитален екосистем (ПД БИДЕ), финансиран од Европската Унија преку Фондација Метаморфозис | 353,441 |
| Партнерства за интегритет: Бизнис без корупција, Поддржан од МЦМС преку Проектот на УСАИД „Граѓаните против корупцијата“ | 1,679,613 |
| The Funding Network | 106,323 |
| Проширување на изборот преку политики за усогласување на семејните и работните обврски, Фонд за население на Обединетите нации - УНФПА | 999,070 |
| Донации преку смс | 43,400 |
| Донации од физички лица | 1,012,533 |
| Донации од компании | 771,798 |
| Приходи од донации за граѓански организации | 209,839 |
| Поддршка од членки на Клуб на одговорни бизниси | 1,030,009 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 84,269 |
| Приходи од надомест на патни и режиски трошоци | 18,452 |
| Пренесен вишок од минатата година | 14,270,199 |
| Останати приходи | 1,386 |
| **ВКУПНО** | **61,561,932** |

Во организацијата на почеток на 2024 год. на полно работно време беа вработени 7 лица. До крајот на годината, тимот порасна на 9 вработени.

Просечната месечна бруто плата за 2024 на извршната директорка изнесуваше 131,669 денари. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,19 додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,5.

Во делот на програмските трошоци, годинава реализиравме 7,290,639 денари директна финансиска поддршка за граѓански организации за мобилизирање локални ресурси (грантови и менторирање за филантропија), преку донаторскиот кружок и првиот национален донаторски фонд.



# БЛАГОДАРИМЕ ДОНАТОРИ

Им благодариме на сите што донираа директно на Конект. Нашите донатори ни овозможија да ја следиме нашата мисија и да постигнеме успеси во 2024 година. Успесите на Конект се и ваши!

УСАИД Северна Македонија
Европска Унија
Фонд за население на Обединетите нации – УНФПА
The Funding Network
Македонски центар за меѓународна соработка
Христијан Ѓоргиевски

НЛБ Банка АД Скопје
ЕВН Македонија

Фармахем
Уника лајф АД
Маккос компани – Силкапор
Даути комерц
Image PR
East Gate Mall
Intermezzo Music Bar
Фондација ТЕЛЕКОМ
Никола Булески
Никола Ефтимов
Катерина Тошева
Лидија Георгиева
Milkbrides - Антонија Гугинска
Ирина Тошева
Огнен Јанески
Наталија Терзија
Alshar by Силвија Михајловска
Росица Мршиќ
Симон Ендровски (Bella)
Александар Стојанов Зорин
Марија Трајковска
Снежана Евковска ЕВИЛА
Татјана Гиновска
Михаела Штерјова
Сара Величковска



**Благодариме и на над 100 сограѓани/ки кои донираа за организациите преку донаторскиот кружок и „Денови за донирање“.**

СКАЛА - Школа за дизајн
Скопска пивара
А1 Македонија
Фондација Малиќи
Дуна
Лингва експерт
АТК Премиум Клуб
Лабораториум
Ениса Кадри Бранд

Кафе бар Че
Ромски ресурсен центар
Пепица Манчева
Гордана Родиќ
David Sip
Ања Босилкова Антовска
Фисник Бектеши
Илина Божиновска
Ања Стојановиќ
Ива Ангелковска
Милица Лозаноска
Марко Каранфиловски
Самет Шабани
Маја Алексиевска Димиќ
Анита Палческа



# ЗА КОНЕКТ

16 години посветено го градиме потенцијалот на Република Северна Македонија, таа да се развива потпирајќи се на локалните ресурси и капацитети. Знаеме дека донирањето, општествената одговорност и заедничката соработка имаат моќ да обликуваат подобро општество во кое секој може да биде активен учесник во процесите на развој. Затоа, работиме со и за граѓаните, семејствата што донираат, непрофитните организации, бизнисите и институциите во области во коишто заеднички можеме да направиме значителна разлика.

Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и оштествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се и моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Ние сме клучна алка на поврзување на оние кои сакаат да го поттикнат одржливиот развој. Служиме со својата специфична експертиза, услуги и влијателни програми што ги следат потребите на нашите корисници и на заедниците. Знаењето го збогатуваме преку нашето членство и основање на значајни домашни и меѓународни иницијативи, мрежи, тела, комори итн.

За повеќе информации и соработка, Конект е тука за вас. Контактирајте нé и заедно со вас, да градиме подобри и одржливи заедници.

ул. „Ристо Шишков“ 12-1/4
1000 Скопје, Северна Македонија
тел: +389 2 3224 198
e-mail: **konekt@konekt.org.mk**

**www.konekt.org.mk**
**www.donirajpametno.mk**
**www.bezkorupcija.mk**
**www.sdgs.mk**

**www.opop.mk**

**Клуб на одговорни бизниси**